РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 08-2998/1
08 .11.2016 година
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО

За начинот на именување на членови на избирачките одбори
по предлог на политичките партии за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија- 11 Декември 2016 година

При именувањето на членовите на избирачките одбори по предлог на политичките партии, **самo доколку** политичките партии немаат усогласен став во однос на тоа од која партија ќе биде именуван членот односно неговиот заменик во избирачките одбори, ќе се применува правилото пар-непар, и тоа:

Кога за член на избирачки одбор е именувано лице по предлог на првата партија на власт, за негов заменик се именува лице по предлог на втората партија на власт.

Кога за член на избирачки одбор е именувано лице по предлог на првата партија во опозиција, за негов заменик се именува лице по предлог на втората партија во опозиција.

При именувањето на составот на следниот избирачки одбор постапката е обратна, односно за член се именува лице по предлог на втората партија на власт, а за негов заменик се именува лице по предлог на првата партија на власт.

Исто така, за член се именува лице по предлог на втората партија во опозиција а за негов заменик се именува лице по предлог на првата партија во опозиција.

Ако партиите не доставиле предлози на членови на одредени избирачки одбори, именувањето се врши согласно член 38 став 4.

**Пример:**

Треба да се именуваат членови на избирачки одбори 01 и 02. Предлози доставиле следниве партии: ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ, ДПА.

Составот на избирачкиот одбор 01 би бил следен: Еден член од ВМРО-ДПМНЕ негов заменик од ДУИ, втор член од СДСМ а негов заменик од ДПА.

Составот на избирачкиот одбор 02 би бил следен: Еден член од ДУИ, а негов заменик од ВМРО - ДПМНЕ, втор член од ДПА а негов заменик од СДСМ.

Одобрил:
Благоја Стојкоски

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Александар Чичаковски